# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 1/2024 29.01.2024 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуват актите од 34 редова седница на Светот на Општина Пробиштип одржана на ден 26.01.2024 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за давање согласност на Програма за работа на ЈКП Никола Карев за 2024 година бр.26-80/3,
2. Одлука за давање согласност на Финансиски план на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2024 година бр.26-80/4,
3. Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2023 година бр.26-80/5,
4. Одлука за давање согласност на Изменување на Годишен план за вработување на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2024 година бр.26-80/6,
5. Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Пробиштип за 2024 година бр.26-80/7,
6. Решение за именување член во УО на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип, бр.26-80/8,
7. Мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во ООУ Никола Карев Пробиштип бр.26-80/9,
8. Мислење Програма за изведување на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип бр.26-80/10,
9. Одлука за усвојување на Финансиски извештај за извршување на буџетот на Општина Пробиштип за период 01.01 2023 до 31.12.2023 бр.26-80/11,
10. Одлука за усвојување на Извештај за реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на Општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2023 година бр.26-80/12,

11. Одлука за усвојување на Извештај за работа на ТППЕ Пробиштип за 2023 година бр.26-80/13,
12. Одлука за утврдување на критериуми и услови за остварување на право на бесплатен топол оброк за учениците од прво до петто одделение во општинските основните и подрачните училишта во Општина Пробиштип бр.26-80/14,
13. Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на мени и цени на услуги за организирање на исхрана на деца на возраст од 6 до 10 години (од прво до петто одделение) од стана на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип бр.26-80/15,
14. Одлука за давање на движен имот-дидактички материјали и дидактички помагала, на трајно користење на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип бр.26-80/16,
15. Одлука за утврдување на предлог за воспставување на МОС помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кочани бр.26-80/17,
16. Одлука за определени средства за експропријација во Буџетот на Општина Пробиштип за улица Кочо Рацин Пробиштип бр.26-80/18,
17. Одлука за определени средства за експропријација во Буџетот на Општина Пробиштип за градски гробишта во Пробиштип бр.26-80/19,
18. Одлука за определени средства за експропријација во Буџетот на Општина Пробиштип за ул. 3 Април бр.26-80/20,
19. Одлука за утврдување вредност на бод за пресметување на платите на административните службеници во општина Пробиштип за 2024 година бр.26-80/21,
20. Одлука за утврдување вредност на бод за пресметувње на платите на вработените во Општина Пробиштип соглсно Законот за работни односи за 2024 година бр.26-80/22,
21. Одлука за формирање на комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Пробиштип бр.26-80/23

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-80/25 ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.01.2024 година ГРАДОНАЧАЛНИК,
Пробиштип Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005; 25/2014; 29/2015 и 23/2019) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, расправајќи по Програмата за работа и развој на ЈКП Никола Крев Пробиштип за 2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2024 година**

Член 1

Се дава согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2024 година бр. 01-919/1 од 20.12.2023 година, усвоена со Одлука од Управниот одбор бр. 02-937/1 од 27.12.2023 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2024 година бр. 01-919/1 од 20.12.2023 година, усвоена со Одлука од Управниот одбор бр. 02-937/1 од 27.12.2023 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-80/3
26.01.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005; 25/2014; 29/2015 и 23/2019) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, расправајќи по Финансовиот план на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Финансов план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2024година**

Член 1

Се дава согласност на Финансовиот план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2024 година бр. 05-924/1 од 22.12.2024 година, усвоен со Одлука на Управен Одбор бр.02-938/1 од 27.12.2023 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансовиот план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2024 година бр. 05-924/1 од 22.12.2024 година, усвоен со Одлука на Управен Одбор бр.02-938/1 од 27.12.2023 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-80/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.01.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр. 5/2002) и член 11, став 1, точка 6 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), Советот на општина Пробиштип расправајки по Барањето Согласност на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип, на седницата одржана на ден 26.01.2024 година донесе:

ОДЛУКА

**за давање СОГЛАСНОСТ на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за 2024 година, бр. 01-55/1 од 18.01.2024 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за 2024 година, бр. 01-55/1 од 18.01.2024 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-80/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.01.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2016, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019 и 14/2020), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
**За давање согласност на годишен план за вработување на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за 2024 година**

Член 1

Се дава согласност на Измена на годишниот план за вработување на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за 2024 година бр. 01-46/1 од 15.01.2024 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Измена на годишниот план за вработување на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за 2024 година бр. 01-46/1 од 15.01.2024 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-80/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.01.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.Весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Сл. Весник на РСМ бр. 151/21) Советот на Општина пробиштип на 34-та седница одржана на 26.01.2023 година донесе:

## О Д Л У К А
За проширување на средствата на Буџет на Општина Пробиштип за 2024 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2024 година, на следниот начин:

| Подпрограма<br>Потставка | САМОФИНАНСИРАЊЕ | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | |
| 741114 пренесен вишок на Приходи од претходната година | 0 | 13.248.735 | 0 | 0 |
| | **0** | **13.248.735** | **0** | **0** |
| И се распределуваат на следните расходни потставки: | | | | |
| **К20 МУЗИЧКО И СЦЕНСКИ – УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 0 | 53.476 | 0 | 0 |
| 421440 Транспорт на луѓе | | | | |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420120 Патување во земјата – патни расходи | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 420130 патување во земјата - сместување | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 421410 Горива и масла (мотрни возила) | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 423110 Канцелариски материјали | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 423120 Списанија, Весници и други изданија за користење од старна на вработените | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 423190 Други административни материјали | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 423310 Униформи | 0 | 2.330.000 | 0 | 0 |
| 423320 Обувки | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 423610 Наставо-образовни помагала | 0 | 250.000 | 0 | 0 |
| 423710 Седства за одржување на хигиена | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 423720 Материјали за разни поправки | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 423990 Други материјали | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 6.642.994 | 0 | 0 |
| 424430 Поправка и одржување на машини | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 424510 Одржување на зелени површини околу згради | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 425310 Правни услуги | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 425360 Плаќање на судски такси | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 425720 Услуги за развој на наставниот план и програма | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 425750 Услуги за вонучилишни образовни активности | 0 | 20.000 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 425790 други образовни услуги | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 425970 Консултантски услуги | 0 | 65.000 | 0 | 0 |
| 425980 Надзор над одржување на изградбата | 0 | 65.000 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 65.000 | 0 | 0 |
| 426210 Расходи за репрезентација | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 426310 Семинари и конференции | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 480140 Купување на информатичка и ведео опрема | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 483110 Купување на канцелариски мебел | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 483120 Купување на училишен мебел | 0 | 120.000 | 0 | 0 |
| N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | |
| 421110 Електрична енергија | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 421120 Водовод и канализација | 0 | 370.000 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | 500.000 | 0 | 0 |
| 421310 Пошта | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 421320 Телефон и телефакс | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| 423120 Списанија, Весници и други изданија за користење од старна на вработените | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 423610 Наставно-образовни програми | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 423620 Училишни материјали | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 424410 Поправки и одржување на мебел | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 424430 Поправки и одржување на машини | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 425250 Осигурување на недвижности и права | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 425490 Други здравствени услуги | 0 | 80.000 | 0 | 0 |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 389.744 | 0 | 0 |
| 426410 Објавување на огласи | 0 | 80.000 | 0 | 0 |
| 426990 други оперативни расходи | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 464990 Други трансфери | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | | | |
| 480160 Купување на опрема за греење и климатизација | 0 | 82.521 | 0 | 0 |
| | 0 | 13.248.735 | 0 | 0 |

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на општината за 2024 година, а ќе се објави во „Службен гласник“ на општина Пробиштип

Број 26-80/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.01.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 од Стаутот на општина ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15), а во врска со член 114 став 8 и 13 од Законот за заштита на децата (Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, а на предлог на Министерството за труд и социјална политика бр. 03-8060/2 од 22.12.2023 година , го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на член во Управниот Одбор на**
**ЈОУДГ„Гоце Делчев„ од Пробиштип**

1. Во Управниот Одбор на Јавната општинска установа детска градинка „Гоце Делчев" од Пробиштип како претставник од Министерството за труд и социјална политика се именува Емануела Јанковиќ.

2. Мандатот на именуваните ќе изнесува 4 (четири) години.

3. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-80/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.01.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, расправајки по Програмата за организирање и изведување на ученички екскурзии во ООУ „Никола Карев" Пробиштип во учебната 2023/2024 година го донесе следното:

МИСЛЕЊЕ
**на Програмата за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во ООУ „Никола Карев " Пробиштип за учебната 2023/2024 година**

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во ООУ „Никола Карев " Пробиштип за учебната 2023/2024 година и тоа:
- Програма за посета на саем на книга и Институт за македонски јазик Скопје бр. 01-531/1 од 19.10.2023 година.
- Програма за посета на Прламентарен институт при Собрание на РСМ бр.01-532/1 од 19.10.2023 година.
- Програма за реализација на настава во природа за учениците од петто одделение бр. 01-533/1 од 9.10.2023 година.
- Програмата за еднодневен пролетен излет на учениците од прво до деветто одделение во учебната 2023/2024 година бр. 01-534/1 од 19.10.2023 година.
- Програма за еднодневна екскурзија на учениците од трето одделение во учебната 2023/2024 година бр. 01-535/1 од 19.10.2023 година,
- Програма за дводневна екскурзија на учениците од шесто одделение во учебната 2023/2024 година бр. 01-536/1 од 19.10.2023 година,
- Програма за тродневна екскурзија на учениците од деветто одделение во учебната 2023/2024 година бр. 01-537/1 од 19.10.2023 година,

2. Составен дел на ова мислење се Програмите наведени во точка 1 од ова мислење.

3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-80/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.01.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, расправајки по Програмата за организирање и изведување на ученички екскурзии во ООУ „Бража Миладиновци" Пробиштип во учебната 2023/2024 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ
### на Програмата за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во ООУ „Браќа Миладиновци" Пробиштип за учебната 2023/2024 година

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во ООУ „Браќа Миладиновци " Пробиштип за учебната 2023/2024 година и тоа:

- Програмата за еднодневен есенски излет на учениците од прво до деветто одделение во учебната 2023/2024 година бр. 01-738/1 од 27.10.2023 година.
- Програмата за еднодневен пролетен излет на учениците од прво до деветто одделение во учебната 2023/2024 година бр. 01-739/1 од 27.10.2023 година
- Програма за еднодневна екскурзија на учениците од трето одделение во учебната 2023/2024 година бр. 01-740/1 од 27.10.2023 година,
- Програма за дводневна екскурзија на учениците од шесто одделение во учебната 2023/2024 година бр. 01-741/1 од 27.10.2023 година,
- Програма за тродневна екскурзија на учениците од деветто одделение во учебната 2023/2024 година бр. 01-742/1 од 27.10.2023 година,
- Програма за реализација на настава во природа за учениците од петто одделение во учебната 2023/2024 година бр. 01-743/1 од 27.10.2023 година
- Програма за посета на саем на книгата на учниците од III до IX одделение во учебната 2023/2024 година бр. 01-745/1 од 27.10.2023 година
- Програма за посета на театар на учениците од III до IX одделение во учебната 2023/2024 година бр. 01-746/1 од 27.10.2023 година
- Програма за посета на Прламентарен институт при Собрание на РСМ во учебната 2023/2024 година, бр.01-747/1 од 27.10.2023 година.

2. Составен дел на ова мислење се Програмите наведени во точка 1 од ова мислење.

3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-80/10
26.01.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/2002) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**За усвојување на Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во извештајот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-80/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.01.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019 ), а во врска со член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.61/2002, бр.98/2002 , бр.81/2005, бр.24/2011, 145/2015 и 170/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и согласно со одредбите од член 29 и 35 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13) како и врз основа на Правилникот за попис на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на 26.01.2024 година ја усвои следната:

О Д Л У К А

**за усвојување на Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2023 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2023 година бр. 08-68/1 од 15.01.2024 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2023 година .

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-80/12
26.01.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип 4/2005, 25/2014 и 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2023 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2023 година .

Член 3

Одлуката стапува во со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-80/13
26.01.2024 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ

Пробиштип Борче Миланов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**За утврдување на критериуми и услови за остварување на право на бесплатен топол појадок за учениците на возраст од 6-10 години ( прво до петто одделение) во основните општински и подрачните училишта**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуват критериумите и условите за остварување на бесплатен топол појадок за учениците на возраст од 6-10 години ( прво до петто одделение) во основните општински и подрачни училишта во Општина Пробиштип.

Член 2

Правото на бесплатен топол појадок од основните училишта и подрачните училишта во општина Пробиштип се обезбедува за учениците на возраст од 6-10 години ( прво до петто одделение) во ООУ Браќа Миладиновци", ООУ Никола Карев" ПУ „Кирил и Методиј" Злетово, ПУ „Ратавица" во с.Ратавица , ПУ „Ванчо Трајков" во приградска населба с.Пробиштип.

Член 3

Општинските основни училишта ќе достават список за сите ученици од прво до петто одделение до ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип.
Училиштето ќе има обврска да го ажурира списокот доколку има промена во рок од 3 дена од настанување на промената.
Општинските основни училишта ќе обезбедат просторија и инвентар за сервирање на храната за учениците .

Член 4

Храната за учениците ќе се приготвува и дистрибуира до училиштата од страна на ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип.
Менито за храна ќе го изготвува ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип во соработка со стручни служби, согласно нормативите за храна, при што ќе се води сметка за видот на храна, количината и енергетската вредност на храната.
Цената на појадокот ја утврдува ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип и ја доставува до Советот на општината на годишно ниво заради добивање на согласност.

По истекот на секој месец ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип доставува фактура до општината, а врз основа на доставените списоци од училиштата.

Член 5

Општина Пробиштип за оваа мерка има обезбедено финансиски средства од Буџетот на Општина Пробиштип согласно Програмата за социјална, детска и здравствена заштита на Општина Пробиштип.

Член 6

ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип и Општински основни училишта ќе склучат меморандум за соработка за уредување на меѓусебните права и обврски.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Пробиштип".

Број 26-80/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.01.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) а во врска со член 191 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

**За давање согласност на Одлука за утврдување на мени и цени на услуги за организирање на исхрана на деца на возраст од 6-10 години ( од прво до петто одделение ) од страна на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип**

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за утврдување на мени и цени на услуги за организирање на исхрана на деца на возраст од 6-10 години ( од прво до петто одделение ) од страна на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип бр. 02-21/1 од 17.01.2024 година донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Одлука за утврдување на мени и цени на услуги за организирање на исхрана на деца на возраст од 6-10 години ( од прво до петто одделение ) од страна на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-80/15
26.01.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната замоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

**За давање на движен имот-дидактички материјали и дидактички помагала, на трајно користење на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука Општина Пробиштип дава на трајно користење движен имот-дидактички материјали и дидактички помагала на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за вклучување на децата со попреченост во образовниот процес.

Член 2

Дидактичките материјали и дидактичките помагала се обезбедени како донација од Германското друштво за интернационална соработка ГИЗ Скопје во рамки на проектот Социјалано вклучување на ранливи групи (СоРи III) за опремување на две сензорнои соби (дефектолошко катче за индивидуален третман на децата со попреченост) во ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за подршка за децата со попреченост инклузирани во редовните одделенија.

Член 3

Вкупната вредност на дидактички материјали и дидактички помагала изнесува 155.162,24 денари.

Член 4

За регулирање на меѓусебните права и обврски Општина Пробиштип и ООУ Браќа Миладиновци Пробишти ќе склучат договор во кој точно ќе се утврдат правата и обврските на договорните страниво однос на користење и одржување на опремата.

Член 5

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-80/16
26.01.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен Весник на Република Македонија бр. 79/09) и член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### За утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кочани

Член 1

Советот на Општина Пробиштип го утврдува предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кочани поднесен од Градоначалникот на Општина Пробиштип бр.08-123/1 од 24.01.2024 година за давање на комунална услуга за собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад на територијата на Општина Пробиштип , локалитет СРТЦ Пониква од страна на Општина Кочани преку јавно комунално претпријатие.

Член 2

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука и проценета од потребата за воспоставување на Меѓуопштинска соработка од Градоначалникот на Општина Пробиштип се доставува до Општина Кочани на прифаќање и усвојување.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на општина Пробиштип“

Број 26-80/17
26.01.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација (Службен весник на општина Пробиштип бр.95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016, 178/2016), Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот, на седницата одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

**За определување средства за потполна експропријација во буџетот на општина Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука се определуваат средства за потполна експропријација на градежно земјиште во сопственост на физички лица, за реконструкција и изградба на тротоари на дел од улица Кочо Рацин во Пробиштип, предвидена со Геодетски елаборат за посебни намени (за експропријација) деловоден.бр. 160/23-4 од 14.07.2023 година на Друштво за геодетски работи и услуги Гео-Сигма Груп доо Штип.

Средствата за експропријација се резервирани во буџетска програма ЕА-Капитални трошоци на општина Пробиштип за 2024 година од контото:
485420-Надомест за одземен имот во износ од 3.200.000,00 денари

Надоместокот за одземениот недвижен имот ќе се врши по цена утврдена со Извештајот од извршена проценка на пазарната вредност на недвижниот имот.

Член 2

Одлуката влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип .

Број 26-80/18
26.01.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација (Службен весник на општина Пробиштип бр.95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016, 178/2016), Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот, на седницата одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

**За определување средства за потполна експропријација во буџетот на општина Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука се определуваат средства за потполна експропријација на градежно земјиште во сопственост на физички лица, за проширување на градски гробишта во Пробиштип, предвидена со Геодетски елаборат за посебни намени (за експропријација) деловоден.бр. 68/23-4 од 27.03.2023 година на Друштво за геодетски работи и услуги Гео-Сигма Груп доо Штип.

Средствата за експропријација се резервирани во буџетска програма ЕА-Капитални трошоци на општина Пробиштип за 2024 година од контото:
485420-Надомест за одземен имот во износ од 3.200.000,00 денари

Надоместокот за одземениот недвижен имот ќе се врши по цена утврдена со Извештајот од извршена проценка на пазарната вредност на недвижниот имот.

Член 2

Одлуката влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип .

Број 26-80/19
26.01.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација (Службен весник на општина Пробиштип бр.95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016, 178/2016), Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот, на седницата одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**За определување средства за потполна експропријација во буџетот на општина Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука се определуваат средства за потполна експропријација на градежно земјиште во сопственост на физички лица, за реконструкција на улица 3-ти Април во Пробиштип, предвидена со Геодетски елаборат за посебни намени (за експропријација) деловоден.бр. 243/23-4 од 17.10.2023 година на Друштво за геодетски работи и услуги Гео-Сигма Груп доо Штип.

Средствата за експропријација се резервирани во буџетска програма ЕА-Капитални трошоци на општина Пробиштип за 2024 година од контото:
485420-Надомест за одземен имот во износ од 3.200.000,00 денари

Надоместокот за одземениот недвижен имот ќе се врши по цена утврдена со Извештајот од извршена проценка на пазарната вредност на недвижниот имот.

Член 2

Одлуката влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-80/20 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.01.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија број 5/2002 ) а согласно член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Пробиштип („Службен Гласник на општина Пробиштип " број 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година , донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредност на бодот**
**за пресметување на платите на административните службеници во Општина Пробиштип за 2024 година**

Член 1

Со одлуката се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во општина Пробиштип и јавните службеници кај буџетските корисници во општина Пробиштип за 2024 година.

Вредноста на бодот за пресметување на платите за 2024 година изнесува **81,6 денари**.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Пробиштип", а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2024 година.

Број 26-80/21 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.01.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и

„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија број 5/2002 ) а согласно член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Пробиштип („Службен Гласник на општина Пробиштип “ број 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година , донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредност на бодот**
**за пресметување на платите на административните службеници во Општина Пробиштип за 2024 година**

Член 1

Со одлуката се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во општина Пробиштип и јавните службеници кај буџетските корисници во општина Пробиштип за 2024 година.

Вредноста на бодот за пресметување на платите за 2024 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Пробиштип “, а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2024 година.

Број 26-80/21 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.01.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија број 5/2002 ) а согласно член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Пробиштип („Службен Гласник на општина Пробиштип “ број 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредност на бодот**
**за пресметување на платите на вработените во Општина Пробиштип**
**согласно Законот за работни односи за 2024 година**

Член 1

Со одлуката се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во општина Пробиштип согласно Законот за работни односи и тоа помошно техничките лица и овластени лица од областа на безбедноста-вработени во ТППЕ Пробиштип.

Вредноста на бодот за пресметување на платите за 2024 година изнесува **81,6 денари**.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Пробиштип “, а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2024 година.

Број 26-80/22
26.01.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14 и 29/15), а во врска со членовите 39 и 41 од Законот за заштита на правата на пациентите (Службен Весник на РМ бр.82/08, 12/09 и 53/11) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, ја го донесе следната:

## ОДЛУКА
**за формирање на Комисијата за унапредување на правата на пациентите на општина Пробиштип**

Член 1

Се формира Комисијата за унапредување на правата на пациентите во Општина Пробиштип .

Член 2

Комисијата се состои од единаесет членови од следните област: двајца претставници на пациентите - членови на здруженијата на пациенти, двајца претставници од здруженија што се занимаваат со човечките права и граѓанските иницијативи, еден претставник од здружение која се занимава со правата на жените, еден претставник од здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост, двајца лекари од општината и тројца членови делегирани од советот на општините.

Членовите на комисијата ќе бидат номинирани од стана на напред наведените институции и здруженија од општината.

Претставник од општината номиниран од страна на Градоначалникот ќе ја координира работата на Комисијата.

Член 3

Мандатот на именуваните членови ќе изнесува 2 (две) години.

Член 4

Комисијата, ги врши следниве работи:

1. унапредување на правата на пациентите и нивната заштита;
2. унапредување на правата на пациентите кои се лица со попреченост и жени жртви на насилство;
3. ја следи и проценува состојбата со заштитата на правата на пациентите;
4. предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;
5. соработува со надлежните органи;
6. разгледува поплаки од пациенти и предлага преземање на мерки до надлежни органи;
7. бара стручна експертиза ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на состојбата;
8. води евиденција за поединечни поплаки на пациентите, како и на мерките преземени за заштита на правата на пациентите;
9. подготвува и поднесува годишен извештај за заштита на правата на пациентите пред советот на општината, односно градот Скопје;
10. издава информации, промотивен и друг материјал со цел за унапредување на правата на пациентите и
11. врши и други работи пропишани со овој закон.

Член 5

Комисијата донесува деловник за својата работа со кој поблиску се уредува начинот на работа.

Член 6

Средставата за работа на членовите на комисијата ги обезбедува општината.

Општината, е должна да определи, на лесно достапно место и јасно да ја означат канцеларијата на комисијата со називот: "Канцеларија на Комисијата за унапредување на правата на пациентите".

Член 7

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-80/23
26.01.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.